1830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51


# СЛУЖБ[ЕН ЛИСТ]

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРА[ТИВНА РЕПУБЛ]ИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки македонски албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802 603-19614

Петок, 9 ноември 1979
БЕЛГРАД
БРОЈ 56 ГОД. XXXV

Цена на овој број е 36 динари. — Претплатата за 1979 година изнесува 800 динари — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1 Пошт. фах 226. — Телефони централа 650 155; Уредништво 651 855; Служба за претплата 651 732; Комерцијален сектор 651 671;

**793.**

Врз основа на член 10 став 1 од Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/79), Сојузниот извршен совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОСТОЈАНИ ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ ЗА МЕЃУНАРОДЕН СООБРАЌАЈ

1. За преминување на државната граница се определуваат постојани гранични премини за меѓународен сообраќај, и тоа:

а) гранични премини за меѓународен поморски сообраќај: Копер, Пиран, Умаг, Пореч, Ровињ, Пула, Раша, Риека, Сењ, Мали Лошињ, Масленица, Задар, Шибеник, Сплит, Корчула, Плоче, Метковиќ, Дубровник, Херцег Нови и Бар;

б) гранични премини за меѓународен речен сообраќај: Бездан, Апатин, Вуковар, Нови Сад, Белград, Велико Градиште, Текија, Кладово, Прахово, Осиек и Кањижа;

в) гранични премини за меѓународен воздушен сообраќај: Сурчин—Белград, Плесо—Загреб, Ќилипи—Дубровник Каштел—Штафелиќ—Сплит, Задар Омишаљ—Риека, Пула, Брник—Љубљана, Голубовци—Титоград, Тиват, Сараево, Петровец—Скопје, Охрид и Марибор;

г) гранични премини за меѓународен железнички сообраќај: Сежана, Дутовле и Нова Горица — на дел од државната граница спрема Република Италија; Јесенице, Превале и Марибор — на дел од државната граница спрема Република Австрија; Которибa, Копривница, Бели Манастир, Суботица и Хоргош — на дел од државната граница спрема Народна Република Унгарија; Кикинда и Вршац — на дел од државната граница спрема Социјалистичка Република Романија; Димитровград — на дел од државната граница спрема Народна Република Бугарија и Гевгелија и Кременица — на дел од државната граница спрема Република Грција;

д) гранични премини за меѓународен патен сообраќај: Лазарет, Шкофие, Козина, Фернетичи, Нова Горица, Учеја, Робич, Предел и Ратече — на дел од државната граница спрема Република Италија; Коренско Седло, Љубељ, Језерско, Холмец, Вич, Радле, Јуриј, Шентиљ, Трате, Горња Радгона, Гедеровци и Кузма — на дел од државната граница спрема Република Австрија; Ходош, Долга Вас, Горичан, Терезино Поле, Доњи Михољац, Кнежево, Бачки Брег, Келебија и Хоргош — на дел од државната граница спрема Народна Република Унгарија; Српска Црња, Ватин, Калуѓерово и Ѓердап — на дел од државната граница спрема Социјалистичка Република Романија; Мокрање, Вршка Чука, Градина, Стрезимировци, Рибарци, Деве Баир, Делчево и Ново Село — на дел од државната граница спрема Народна Република Бугарија; Богородица и Меџитлија — на дел од државната граница спрема Република Грција; Ќафа Сан, Врбница, Ќафа Прушит и Божај — на дел од државната граница спрема Народна Социјалистичка Република Албанија.

2 Со денот на влегувањето во сила на ова решение престануваат да важат Решението за определување на постојан граничен премин Метковиќ за меѓународен поморски сообраќај („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/79) и Решението за определување на постојани гранични премини Радле, Јуриј, Трате и Гедеровци за меѓународен друмски сообраќај („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/79).

3. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е п. бр 940
1 ноември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Бранислав Икониќ**, с. р.

---

**794.**

Врз основа на член 53 став 3 од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/76), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ ОД ПРОМЕТ НА ЛЕКОТ DYSPNE INHAL СОЛУЦИЈА ОД 10 ml СЕРИЈА БР. 494 СО РОК НА ТРАЕЊЕ ДО 1 АВГУСТ 1981 ГОДИНА И СЕРИЈА БР. 497 СО РОК НА ТРАЕЊЕ ДО 13 СЕПТЕМВРИ 1981 ГОДИНА, ПРОИЗВОД НА „LABORATOIRE DU DYSPNE-INHAL, FOURTEN" ФРАНЦИЈА, УВОЗНИК: „САЛУС" — ЉУБЉАНА

1. Се повлекува од промет лекот DYSPNE INHAL солуција од 10 ml, серија бр. 494 со рок на траење до 1 август 1981 година и серија бр. 497 со рок на траење до 13 септември 1981 година, производ на „Laboratoire du Dyspne-inhal, Fourten" Франција, увозник: „Салус" — Љубљана, кој е пуштен во промет спротивно на одредбите на Законот за пуштање на лекови во промет.

2. Организациите на здружен труд кај кои се наоѓа лекот од точка 1 на ова решение се должни сите затечени количини на лекот од таа точка да му ги вратат на увозникот во рок од осум дена од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

3. Ова решение се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. У-05-5664/1
15 октомври 1979 година
Белград

Заменик-претседател
на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита,
**Мила Ѓорѓиќ,** с. р.

---

**795.**

Врз основа на член 33 став 2 од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/76), претседателот на Сојузниот комитет за земјоделство издава

## НАРЕДБА

## ЗА ЛЕКОВИТЕ ЗА УПОТРЕБА ВО ВЕТЕРИНАТА КОИ ПОДЛЕЖАТ НА ПОСЕБНА КОНТРОЛА

1. Организациите на здружен труд што произведуваат или увезуваат лекови се должни покрај редовната контрола да вршат и посебна контрола на лековите што ги произведуваат односно увезуваат, и тоа на:

1) лекови од биолошко потекло (серуми, вакцини, алергени, антигени);

2) готови лекови што содржат антибиотици;

3) готови лекови што содржат хормони;

4) првата серија на секој новоодобрен готов лек пред неговото пуштање во промет.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 5774/1
24 октомври 1979 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за земјоделство,
инж. **Милован Зидар,** с. р.

---

**796.**

Врз основа на член 40 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/76), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

## ПРАВИЛНИК

## ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА ГРАДУИРАНИ МЕРНИ ПИПЕТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат градуираните мерни пипети (во натамошниот текст: пипетите).

Член 2

Под пипети, во смисла на овој правилник, се подразбираат:

1) пипети со делумен испуст;
2) пипети со потполн испуст;
3) пипети со делумен и потполн испуст.

Пипетите со делумен испуст имаат скала на која највисоката црта е означена со нула, а номиналната зафатнина — на најниската црта од скалата.

Пипетите со потполн испуст имаат скала на која највисоката црта е означена со номиналната зафатнина, а најниската црта — со број, зависно од зафатнината на пипетата, според табелата бр. 3 (член 12).

Пипетите со делумен и потполн испуст имаат скала на која највисоката црта е означена со нула, а најниската црта — со број, зависно од зафатнината на пипетата, според табелата бр. 3.

Член 3

Вкупната номинална зафатнина на пипетите мора да биде 1-2-5-10-25 $cm^3$ (ml).

Пипетите мораат да бидат баждарени со вода на +20°C.

Номиналната зафатнина на пипетата со делумен испуст се дефинира со зафатнината на вода на +20°C, кога пипетата се празни, почнувајќи од цртата што е означена со нула (највисоката означена црта на скалата) крајот на скалата. Зафатнината на пипетата што ѝ одговара на определената означена црта на скалата на пипетата се дефинира со зафатнината на вода на +20°C, кога пипетата се празни, почнувајќи од цртата што е означена со нула до таа означена црта. Водата се испушта сѐ дури менискусот не се дотера на соодветната црта. Времето на чекање за слевање на водата што се задржала на ѕидовите на пипетата не се зема предвид.

Номиналната зафатнина на пипетата со потполн испуст се дефинира со зафатнината на вода на +20°C, кога пипетата се празни, почнувајќи од највисоката означена црта на скалата до врвот на пипетата, односно сѐ дури менискусот не престане да се движи во врвот на пипетата. Зафатнината на пипетата што ѝ одговара на определената означена црта на скалата на пипетата се дефинира со зафатнината на вода на +20°C, кога пипетата се празни, почнувајќи од таа црта до врвот на пипетата, односно сѐ дури менискусот не престане да се движи во врвот на пипетата. Времето на чекање за слевање на водата што се задржала на ѕидовите на пипетата е три секунди.

Номиналната зафатнина на пипетата со делумен и потполн испуст се дефинира со зафатнината на вода на +20°C, кога пипетата се празни, почнувајќи од цртата што е означена со нула (највисоката означена црта на скалата) до врвот на пипетата, односно сѐ дури менискусот не престане да се движи во врвот на пипетата. Времето на чекање за слевање на водата што се задржала на ѕидовите на пипетата е три секунди. Зафатнината на пипетата што ѝ одговара на определената означена црта на скалата на пипетата се дефинира со зафатнината на вода на +20°C, кога пипетата се празни, почнувајќи од цртата што е означена со нула (највисоката црта на скалата) до таа означена црта. Водата се испушта сѐ дури менискусот не се дотера на соодветната црта. Времето на чекање за слевање на водата што се задржала на ѕидовите на пипетата не се зема предвид.

Член 4

Пипетите се распоредуваат во две класи на точност, и тоа во:

1) класа на точност А — во која се распоредуваат пипетите со повисока точност;

2) класа на точност В — во која се распоредуваат пипетите со пониска точност.

### Член 5

Пипетите мораат да бидат од проѕирно стакло со соодветни хемиски и термички особини и да се без видливи грешки и внатрешни напрегања.

Пипетите мораат да им одговараат на барањата наведени во југословенскиот стандард JUS B. E4.150 (хидролитска класа 1, 2 или 3).

### Член 6

Пипетите се долги градуирани цевки кои по целата должина мораат да бидат со ист пречник и кои во својот долен крај завршуваат со врв за истекување на течноста.

Рамниот пресек, ако не е круг, не смее да се користи за градуиран дел што ја чини скалата.

Пипетите со номинална зафатнина од 1 и 2 $cm^3$ (ml) се изработуваат без шмукателна цевка, а пипетите со номинална зафатнина 5, 10 и 25 $cm^3$ (ml) — со шмукателна цевка.

Дебелината на ѕидовите мора да биде што порамномерна.

### Член 7

Работ на горниот крај на пипетата треба да биде полиран на пламен, или фино заоблен, со коса страна малку наклонета кон надвор.

### Член 8

Долниот крај на пипетата се завршува со врв за истекување во форма на конус, без нагли стеснувања на отворот.

Врвот за истекување на својот завршок мора да биде измазнет или полиран на пламен, вертикален на оската на пипетата и малку (благо) заоблен кон надвор.

### Член 9

Времето на истекувањето на водата од пипетата е времето што е потребно за слободно спуштање на менискусот, и тоа за:

1) пипетите со делумен испуст — од највисоката до најниската означена црта на скалата, односно од цртата за нула до крајот на скалата;

2) пипетите со потполн испуст и пипетите со делумен и потполн испуст — од највисоката означена црта до врвот на истекувањето, односно до точката на која менискусот престанува да се движи.

Времето на истекувањето мора да биде во границите наведени во табелата бр. 1:

**Табела бр. 1**

| Пипети | Класа А | Класа B |
|---|---|---|
| | s | s |
| со делумен испуст | 25 до 50 | 10 до 30 |
| со потполн испуст и со делумен и потполн испуст | 20 до 40 | 8 до 25 |

Времето на истекувањето не го опфаќа времето на чекање од три секунди, како што е назначено во член 3 од овој правилник — за пипетите со потполн испуст и за пипетите со делумен и потполн испуст.

### Член 10

Дозволена е скалата чиј што поделок има вредност дадена во табелата бр. 2:

**Табела бр. 2**

| Номинална зафатнина | Најмала подела | Граница на дозволената грешка | |
|---|---|---|---|
| $cm^3$ | $cm^3$ | $cm^3$ | |
| | Класа А и B | Класа А | Класа B |
| 1 | 0,01 | ± 0,006 | ± 0,01 |
| 2 | 0,02 | ± 0,01 | ± 0,02 |
| 5 | 0,05 | ± 0,03 | ± 0,05 |
| 10 | 0,1 | ± 0,05 | ± 0,10 |
| 25 | 0,1 | ± 0,05 | ± 0,10 |
| 25 | 0,2 | ± 0,10 | ± 0,20 |

### Член 11

Цртите на скалата мораат да бидат обележени во рамните вертикални на оската на градуираниот дел од пипетата.

Сите црти на скалата мораат да бидат со иста дебелина.

Дебелината на цртата на скалата не смее да биде поголема од 0,3 mm.

### Член 12

На пипетите со потполн испуст и на пипетите со делумен и потполн испуст, најниската црта на скалата обележена со број е дадена во табелата бр. 3.

Скалата може да се заврши со таа црта или може да биде продолжена со три црти, под услов овие да бидат означени (обележени) на цилиндричниот дел од пипетата:

**Табела бр. 3**

| Номинална зафатнина | Класа на точност | Најмала подела на скалата | Растојание помеѓу две црти обележени со броеви | Најниска црта на скалата обележена со број на пипетите со: потполн испуст | делумен и потполн испуст |
|---|---|---|---|---|---|
| $cm^3$ | $cm^3$ | $cm^3$ | $cm^3$ | $cm^3$ | $cm^3$ |
| 1 | А и B | 0,01 | 0,1 | 0,1 | 0,9 |
| 2 | А и B | 0,02 | 0,2 | 0,2 | 1,8 |
| 5 | А и B | 0,05 | 0,5 | 0,5 | 4,5 |
| 10 | А и B | 0,1 | 1,0 | 1,0 | 9,0 |
| 25 | А и B | 0,1 | 1,0 | 2,0 | 23,0 |
| 25 | А и B | 0,2 | 2,0 | 2,0 | 22,0 (23,0) |

Обележувањето со броеви на пипетите од 25 $cm^3$ (ml) со најмала поделба 0,1 $cm^3$ (ml), мора да биде за:

1) пипетите со делумен испуст од 0 до 25 $cm^3$ (ml);

2) пипетите со потполн испуст од 2 до 25 $cm^3$ (ml);

3) пипетите со делумен и потполн испуст од 0 до 23 $cm^3$ (ml).

Обележувањето со броеви на пипетите од 25 $cm^3$ (ml) со најмала поделба од 0,2 $cm^3$ (ml) мора да биде за:

1) пипетите со делумен испуст од 0 до 24 $cm^3$ (ml);

2) пипетите со потполн испуст од 2 до 24 cm³ (ml), со додатен број 25 во двата случаи;

3) пипетите со делумен и потполн испуст од 0 до 22 cm³ (ml), со додатен број 23 или без него.

Член 13

Должината на обележените црти на скалата мора да биде различна, и тоа:

**Табела бр. 4**

| Црта на скалата | Класа А | | Класа В | |
|---|---|---|---|---|
| долгите црти | 9/10 | од обемот на пипетата | 1/4 | од обемот на пипетата |
| средните црти | 2/3 | од обемот на пипетата | 1/6 | од обемот на пипетата |
| кратките црти | 1/2 | од обемот на пипетата | 1/8 | од обемот на пипетата |

Средните црти на скалата треба симетрично, од двете страни, да ги преминуваат краевите на кратките црти.

Член 14

Распоредот на цртите на скалата што се со различни должини, зависно од поделбата на скалата, мора да биде:

1) од цртата што ја означува номиналната зафатнина или од цртата што е означена со нула, секоја десетта црта мора да биде долга;

2) помеѓу две последователни долги црти на половината од растојанието се наоѓа една средна црта;

3) помеѓу долгата и средната црта се наоѓаат четири рамномерно распоредени кратки црти.

Член 15

Обележување со броеви:

1) на пипетите со делумен испуст се врши одозгора надолу, почнувајќи од цртата што е означена со нула, во растојанијата означени во табелата бр. 3, а на пипетите со потполн испуст — одоздола нагоре, почнувајќи од нулата на врвот на пипетата, во растојанијата означени во табелата бр. 3.

2) на пипетата со делумен и потполн испуст се врши одозгора спрема долу, почнувајќи од цртата што е означена со нула, во растојанијата означени во табелата бр. 3.

Броевите мораат да се наоѓаат веднаш над долгите црти на кои се однесуваат и малку надесно од соседните кратки црти.

На скалата на пипетите од класа В, броевите можат да се наоѓаат и малку надесно од крајот на цртата на која се однесуваат, така што да бидат поделени по својата средина со привидно продолжување на цртата.

Член 16

Сите црти на скалата и броевите мораат да бидат јасно видливи и неизбришливи.

Член 17

На пипетите мора, на траен начин, на еден од јазиците и писмата на народите на Југославија да се испише, и тоа:

1) фирмата, односно називот или заштитниот знак на производителот;

2) номиналната зафтанина (со симболот „cm³" или „ml");

3) ознака дека пипетата е баждарена на изливање (со симбол „Ex");

4) референтната температураа (со симболот „20°C");

5) ознака на класата на точноста (со симболот „А" или „В").

На пипетите од класата на точност А за кои се издаваат и уверенија за резултатите на испитувањето, мора, освен ознаките од став 1 на овој член, да се напише и редниот (сериски) број.

Сите ознаки од став 1 на овој член мораат да бидат напишани на горниот дел од пипетата над највисоката црта на скалата и мораат да бидат јасно видливи и неизбришливи во нормални услови.

Член 18

Границите на дозволените грешки на номиналните зафатнини не смеат да ги преминуваат вредностите што се дозволени во табелата бр. 2.

Најголемата дозволена грешка на зафатнината што ѝ одговара на која и да било црта на скалата, е еднаква на најголемата дозволена грешка на номиналната зафатнина на пипетата.

Границите на дозволената грешка важат за секоја зафатнина помеѓу која и да било црта на поделбата на скалата.

Разликата меѓу грешките во зафатнините што им одговараат на две кои и да било црти на скалата, не смее да ја надмине најголемата дозволена грешка на номиналната зафатнина.

Член 19

Типското испитување на пипетите опфаќа:

1) претходно испитување, кое опфаќа:
— надворешен преглед;
— испитување на хидролитска класа;

2) мерно-техничко испитување, кое опфаќа:
— испитување на времето на истекувањето;
— испитување на зафатнината;
— испитување на скалата (поделба и обележување со броеви);
— испитување на постојаноста на скалата и обележувањето.

Член 20

Жигот се става над највисоката црта на скалата, така што ставањето на жигот да не пречи на читањето на менискусот.

Ако за пипетите се издава уверение за прегледот, во уверението мора да се наведе бројот на пипетата.

Член 21

Во исклучителни можe да се дозволи употреба на пипети и со други номинални зафатнини различни од оние што се определени во член 3 од овој правилник, под услов тие пипети во поглед на другите особини да ги исполнуваат условите предвидени со овој правилник.

Границите на дозволената грешка за пипетите чии номинални зафатнини се наоѓаат помеѓу вредностите што се определени во член 3 од овој правилник, мораат да им одговараат на вредностите од претходната помала номинална зафатнина.

Член 22

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 0213-7539/1
20 август 1979 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
мерки и скапоцени метали,
**Милисав Војичиќ, с. р.**

**797.**

Врз основа на член 94 став 1 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗНЕСУВАЊЕ И ВНЕСУВАЊЕ НА ЕФЕКТИВНИ ДИНАРИ ВО ПАТНИЧКИОТ ПРОМЕТ СО СТРАНСТВО

1. Во Одлуката за изнесување и внесување на ефективни динари во патничкиот промет со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77) точка 4 се менува и гласи:

„4. Јубиларните и пригодните ковани пари во издание на Народна банка на Југославија можат да ги внесуваат домашни и странски лица во Југославија без ограничување.

Јубиларните и пригодните ковани пари од став 1 на оваа точка странски лица можат да ги изнесуваат од Југославија само со исправа на царинарницата за пријавата при внесувањето, односно со пресметка на овластениот продавач за нивното купување во Југославија.

Јубиларните и пригодните ковани пари од став 1 на оваа точка домашни лица не можат да ги изнесуваат од Југославија."

2. Во точка 5 зборовите: „јубиларните златници и сребреници" се заменуваат со зборовите: „јубиларните и пригодните ковани пари во издание на Народна банка на Југославија".

3 Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр 40
29 октомври 1979 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
д-р **Ксенте Богоев,** с. р.

---

**798.**

Врз основа на член 16 став 2 точка 6, член 20 и член 66 став 1 точка 15 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарното работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОВИТЕ ЗА ВРАЌАЊЕ НА КРЕДИТИТЕ ОД ПРИМАРНАТА ЕМИСИЈА НА БАНКИТЕ ШТО ИМ ДАЛЕ КРЕДИТИ ЗА СЕЛЕКТИВНИ НАМЕНИ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД КОИ ПРЕТРПЕЛЕ ШТЕТА ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА ЦРНА ГОРА ВО АПРИЛ 1979 ГОДИНА

1. Во Одлуката за продолжување на роковите за враќање на кредитите од примарната емисија на банките што им дале кредити за селективни намени на организациите на здружен труд што претрпеле штета од земјотресот на територијата на Социјалистичка Република Црна Гора во април 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр 20/79), во точ. 1 и 2 зборовите: „до 30 ноември 1979 година" се заменуваат со зборовите: „до 31 декември 1979 година".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 42
31 октомври 1979 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
д-р **Ксенте Богоев,** с. р.

---

**799.**

Врз основа на чл. 16, 19 до 25 и член 66 став 1 точка 15 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76), во согласност со одредбите на Одлуката за остварување на целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/79), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА МЕРКИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МОНЕТАРНО-КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1979 ГОДИНА

1. Во Одлуката за мерките за спроведување на монетарно-кредитната политика во 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/79, 34/79 и 36/79), во точка 33 став 1 бројот: „25%" се заменува со бројот: „45%".

2 Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр 43
2 ноември 1979 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
д-р **Ксенте Богоев,** с. р.

---

**800.**

Врз основа на член 244 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Извршниот совет на Собранието на СР Босна и Херцеговина, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, Извршниот совет на Собранието на СР Словенија, Извршниот совет на Собранието на СР Србија, Извршниот совет на Саборот на СР Хрватска, Извршниот совет на Собранието на СР Црна Гора, Извршниот совет на Собранието на САП Војводина и Извршниот совет на Собранието на САП Косово склучуваат

## ДОГОВОР

### ЗА ПРАВОТО НА ПОВЛАСТЕН ПРЕВОЗ ВО ПАТНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ НА СЛЕПИ ЛИЦА И НА НИВНИТЕ ПРИДРУЖНИЦИ

Член 1

Заради обезбедување на правото на повластен превоз во патничкиот сообраќај на слепи лица и на

нивните придружници, републиките и автономните покраини се согласни тоа право на повластен превоз да го регулираат под условите и на начинот предвиден со овој договор.

Под слепо лице, во смисла на овој договор, се смета лицето кое има до 10% способност на видот.

Член 2

Републиките и автономните покраини се согласни на слепите лица да им обезбедат право на повластен превоз од 75% во железничкиот, поморскиот, речниот и патниот сообраќај и 50% во воздушниот сообраќај, а на придружниците на слепи лица — право на бесплатен превоз во железничкиот, поморскиот, речниот и патниот сообраќај и право на повластен превоз од 50% во воздушниот сообраќај.

Повластиците од став 1 на овој член ќе се обезбедат за вкупно шест патувања годишно.

Член 3

Републиките и автономните покраини се согласни обезбедувањето на средствата и исплата на надоместот на организациите на здружен труд, што се занимаваат со превоз на патници во јавниот сообраќај, за извршениот превоз на слепи лица и на нивните придружници да се регулира со републички и покраински прописи за повластиците во патничкиот сообраќај за слепи лица и за нивните придружници, што ќе се донесат заради спроведување на овој договор.

Член 4

Републиките и автономните покраини се согласни дека слепите лица односно нивните придружници ќе користат повластици од член 2 на овој договор врз основа на книшката за повластено возење на слепи лица, што ја издава Сојузот на слепите на Југославија.

Член 5

Овој договор се применува од 1 јануари 1979 година.

Член 6

Овој договор е потпишан во девет еднакви примероци, кои се сметаат за автентични текстови.

Член 7

Овој договор влегува во сила кога ќе го потврдат собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини.

Член 8

Овој договор ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ“.

22 ноември 1978 година
Белград

За Извршниот совет на Собранието
на СР Босна и Херцеговина,

**Ѓорѓе Пеклиќ**, с. р.
член на Советот

За Извршниот совет на Собранието
на СР Македонија,

**Петар Џундев**, с р.
член на Советот и републички секретар за здравство и социјална политика

За Извршниот совет на Собранието
на СР Словенија,

**Ливиј Јакомин**, с. р.
член на Советот и претседател на Републичкиот комитет за сообраќај и врски

За Извршниот совет на Собранието
на СР Србија,

д-р **Никола Шуменковиќ**, с. р.
републички секретар за здравје и социјална политика

За Извршниот совет на Саборот
на СР Хрватска,

**Милан Пушкариќ**, с р.
републички секретар за труд

За Извршниот совет на Собранието
на СР Црна Гора,

д-р **Бранко Почек**, с. р.
републички секретар за труд, здравство и социјална заштита

За Извршниот совет на Собранието
на САП Војводина,

д-р **Ференц Бал**, с. р.
член на Советот и покраински секретар за здравство и социјална политика

За Извршниот совет на Собранието
на САП Косово,

д-р **Мехмет Беграца**, с. р.
член на Советот и покраински секретар за здравство и социјална политика

---

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Правилникот за начинот на уништување на неупотребените отрови и амбалажата што е користена за пакување на отрови и за начинот на повлекување на отровите од промет, објавен во „Службен лист на СФРЈ“, бр. 45/79), се поткрала долунаведената грешка, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ НА НЕУПОТРЕБЕНИТЕ ОТРОВИ И АМБАЛАЖА ШТО Е КОРИСТЕНА ЗА ПАКУВАЊЕ НА ОТРОВИ И ЗА НАЧИНОТ НА ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ОТРОВИТЕ ОД ПРОМЕТ

Во член 6 став 1 наместо зборот: „отровни“, треба да стои: „неотровни“.

Од Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита, Белград, 26 октомври 1979 година

# УКАЗИ

Врз основа на член 337 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателот на Републиката донесува

## УКАЗ

**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО НАРОДНА РЕПУБЛИКА УНГАРИЈА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО НАРОДНА РЕПУБЛИКА УНГАРИЈА**

I

Се отповикува

д-р Витомир Гашпаровиќ, од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Народна Република Унгарија.

II

Се назначува

